**Институт за македонска литература**
**Скопје, Григор Прличев бр. 5; П.фах 455**
**тел. +389 2 3220-309**
**e-mail: maclit@iml.edu.mk**
**www.iml.edu.mk**

**facebook.com/kulturoloski.studii**

**Институт за македонска литература**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**
**Скопје**

**Град Скопје**

# А П С Т Р А К Т И

**Конференција**

## Писменото и книжевното културно наследство од Скопје и Скопско



Скопски празничен минеј од XIII век

**Скопје, 27 октомври 2021**

**Валентина Миронска-Христовска**, Институт за македонска литература, УКИМ, Скопје

**Значењето на печатената книга за македонското културно наследство од 19 век**

Во 19. век печатената книга била една од главните подвижници на македонската културна и национална преродба. За значењето на книгата свесни биле и првите македонски просветители, кои на насловните корици ја ставале назнаката Книга, како што направил и Кирил Пејчиновиќ точно пред 205 години кога ја отпечатил *Книга сие зовомае огледало* (1816, Будим). Пејчиновиќ книгата ја напишал за време на својот престој во Марковиот манастир, Скопско. Неговата книга која покрај тоа што е именува како огледало, таа всушност и го претставува огледалото односно одразот на нашата долговековна културната традиција. Пејчиновиќ токму во почетокот на 19. век, преку неа го започнал спојот на ракописното и печатеното наследство. Во неа Пејчиновиќ го прави сплетот на колективното со индивидуалното, на религиозното со новото, граѓанското мислење и тоа преку народниот јазик, тетовскиот говор измешан спорадично со елементи од централните говори.

**Ѓоко Ѓорѓевски**, Православен богословски факултет „Свети Климент Охридски", УКИМ, Скопје

**Ракописите на свети Јоаникиј Ракотински**

Предмет на анализа на трудот се животот и делото на свети Јоаникиј Ракотински, кој е последниот светител канонизиран од Македонската православна црква. Од него се запазени неколку ракописи, меѓу кои и неговата автобиографија и еден лекарственик. Посебно внимание ќе биде посветено врз значењето на ракописите напишани на народен македонски јазик, коешто сè повеќе се надополнува со актуелното развивање на светителскиот култ.

**Славчо Ковилоски**, Институт за македонска литература, УКИМ, Скопје

**Јордан Хаџи Константинов Џинот и писменото и книжевното наследство од Скопје и Скопско**

Во трудот се осврнуваме на дејноста на Јордан Хаџи Константинов Џинот како учител во Скопје и неговиот интерес за писменото и книжевното наследство од градот и неговата околина. Патувајќи низ околните села, во црквите и манастирите регистрирал голем број ракописи кои на повеќе начини биле уништувани од забот на времето, но и од човечка рака. Истовремено, на страниците на весникот *Цариградски вестник* во 1850-те години Џинот објавил серија написи за Скопје и Скопско, а ја објавил и песната „Плач на скопското училиште многутрудное". На тој начин, Џинот станал еден од афирматорите на образованието, книжевноста и културата во Скопје и околината.

**Ана Мартиноска, Жарко Иванов**, Институт за македонска литература, УКИМ, Скопје

**Предизвици при дигитализација на нематеријално културно наследство**

(врз примерот на аудио-материјалите од Васил Хаџиманов снимени во периодот по скопскиот земјотрес во 1963 г.)

Овој труд за прв пат во јавноста ќе ја презентира информацијата за пронајдените аудио-материјали снимени од етномузикологот Васил Хаџиманов во периодот по скопскиот земјотрес во 1963 г. Станува збор за тажачки песни, кои се еден од најмалку проучуваните жанри во македонската фолклористика, заради специфичноста на мртовечките обичаи и обреди, но особено поради тоа што „Природата на тажаленките и опстановките во кои тие се импровизирале претставувале сериозна пречка за собирачите на народното творештво. Професионалните тажачки, пак, речиси никогаш не се согласувале да пеат тажаленки без мртовец." (Пенушлиски, 1999: 144). Во трудот ќе се осврнеме на записите на самиот Хаџиманов во однос на процесот на снимање на овие материјали.

Фокусот на овој труд ќе биде ставен на техничките предизвици со кои се соочуваме при дигитализацијата на аудио материјалите. Истовремено ќе бидат посочени и можните насоки на теоретска обработка на дигитализираните материјали во наредните фази на истражувањето и тоа: типологизација на мотивите во тажаленките, анализа на импровизациите на оплакување од страна на блиските на жртвите наспроти востановениот репертоар на професионалните тажачки, но и идентификација на спецификите на тажачките песни посветени на жртвите од земјотресот во компаративен контекст во однос на генералните карактеристики на жанрот воопшто.

**Славица Петровска-Ѓорѓевска**, Институт за македонска литература, УКИМ, Скопје

**Орнаментиката во Скопскиот празничен минеј од XIII век**

Скопскиот регион е носител на богато културно наследство исполнето со материјални и нематеријални добра коишто се сведоштво на човековото творештво во минатото и сегашноста. Заштитата и популаризацијата на културно наследство е особено актуелно во современиот свет. Македонските ракописни книги создавани низ целиот средновековен период се значајно културно наследство кое за жал, најголем дел се наоѓа надвор од државата, а со тоа само се отежнува процесот на негова валоризација и афирмација. Еден од ракописите којшто денес е отуѓен, а во минатото се чувал во библиотеката на Скопската митрополија, е *Скопскиот празничен минеј* од XIII век. Овој ракопис кој во научната мисла првенствено побудува силен интерес поради својата значајна книжевна вредност, е доста значаен и поради својата орнаментика. Орнаментиката на *Скопскиот празничен минеј,* иако во основа е доста скромна, е од суштинско значење за проследување на илуминациските тенденции од таа епоха. Имено, во него се наоѓаат десетици илуминации со покажувачки раце, познати како маникули коишто му даваат посебен белег на ракописот.

Во овој труд ќе се обидеме да направиме краток преглед на илуминациските особености на овој ракопис, со цел да се потврди значењето и големината на ова отуѓено културно наследство од Скопскиот регион. Главниот фокус на нашето интерес во ова истражување ќе биде насочен кон естетската и уметничка вредност согледана преку илуминациите, иницијалите и заставите застапени во *Скопскиот празничен минеј* како значајно културно наследство од Скопско. Книжевните украси во овој ракопис според своите уметнички, културни и историски вредности не треба да бидат заборавени, туку напротив, потребно е да се истакне нивното значајно место во книжевноста и уметноста.

**Сарита Трајанова**, Институт за македонска литература, УКИМ, Скопје

**Писменото и книжевното културно наследство во трезорите на институциите во Скопје**

Во трезорите на институциите во Скопје се чува вредно писмено и книжевно наследство, од кое најголемиот дел – вредни стари ракописи и ракописни книги се во НУБ „Свети Климент Охридски" во Скопје. Се спроведе истражување низ македонските институции кои содржат оставнина или одредени предмети поврзани со животот и работата на книжевниците кои имаат исклучително важна улога во културниот живот на локалната средина. Согледуваме разни форми на музејска презентација на книжевното наследство како постојани или тематски изложби, изработка на факсимили и репринт изданија, организирање меморијални целини и други активности со кои се претставува богатото македонско писмено наследство и на тој начин се обезбедува референтен материјал за научни истражувања.

**Маја Јакимовска-Тошиќ**, Институт за македонска литература, УКИМ, Скопје

**Средновековните книжевници од Скопје и Скопско**

Предмет на истражувачки интерес се книжевниците кои работеле во повеќе значајни скрипторски центри во Скопје и Скопско, како што се Марковиот манастир „Св. Димитриј", манастирот „Св. Богородица" – Матка, манастир „Св. Архангели Михаил и Гаврил", с. Кучевиште, Скопско, Манастир „Св. Благовештение", Скопска Црна Гора, црквата „Св. Димитриј" во Скопје и др. Во нивни рамки дејствувале книжевниците: Братко, дијаците Радослав и Никола (Братков минеј), поп Никола Брата (Паримејник), Евстратиј (Пентикостар), монах Никодим, Азариј (Кодик на манастирот Матка), Григориј епископп Скопски, (Хроника на Георги Амартол), дијак Драјко (Пролог за месеците септември-ноември, Марков манастир), дијак Дабиша (Виргински манастир кај Скопје, Виргинска грамота) и др. Особено ќе се осврнеме на нивните книжевни остварувања и препишувачката дејност која се одвивала во скопскиот регион.

**Илија Велев**, Институт за македонска литература, УКИМ, Скопје

**Македонските ракописни писмени и книжевни споменици со потекло од Скопје и Скопско**

Истражувањето се однесува на улогата и на значењето на македонското ракописно писмено наследство, настанато во книжевните и во скрипторски центри од Скопје и Скопско. Во палеославистиката досега се идентификуваат повеќе десетици старословенски ракописни книги од целиот жанровски систем на средновековниот книжевнотворечки процес со провениенција од тој крај на Македонија, а кои се датираат од XIII до XIX век. Нашето истражувачко внимание поконкретно ќе се задржи на оние македонски ракописи за кои со сигурност е потврдено дека биле пишувани во скопските книжевни и скрипторски центри, а истовремено ќе се предаде и комплетен археографски преглед и на ракописите кои потекнуваат од Скопје и од Скопско. Преку овие зачувани писмени споменици изворно се прикажуваат различните етапи од историскиот развој на македонскиот јазик, писменост и книжевност, а врз чијшто континуитет се надградиле нивните современи одрази во македонскиот духовен и културноисториски идентитет.

Конференција *Писменото и книжевното културно наследство од Скопје и Скопско*